**Извештај за работата на Управниот одбор на Советот за етика во медиумите на Македонија во 2016 година**

Што работевме оваа година? Многу за да го задржиме дигнитетот на Советот за етика. Ќе се согласите дека оваа година навистина беше тест за македонското новинарство. Изборна година, кампањи, протести, шарени и тврдокорни, тепање новинари, тепање преку микрофони и екраните.

Според Статут, УО на СЕММ треба да има четири состаноци во текот на годината, но беа одржани повеќе од 10 седници, секојдневна координација и размена на мислења со Комисјита за жалби, со Извршната канцеларија, со медиумите кои бараа изјави, гостувања, трибини, обуки.

Мораме да ја споменеме помошта од меѓународната заедница и оваа во Македонија и надвор. Помошта која ни ја даваат од холандската амбасада, ОБСЕ, ЕУ, УНЕСКО и амбасадите кои помагаат во обуки, размена на искуства, мобилизација и промоција на Советот за етика во медиумите на Македонија.

Советот е член на европската асоцијација на совететите за етика, саморегулативните тела, и тие се со голем респект кон СЕММ.

Сите ние знаеме каква е состојбата со медиумите, некаде свесно се крши Кодексот, некаде намерно, некаде ненамерно, и токму поради тоа ние не сакаме да бидеме плашило, туку повеќе коректор и промотори на стандардите. И тоа го правиме.

Една од одлуките кои ги донесовме, во интензивна координација со советите за етика во Србија, Босна, Германија, е одлуката на УО на СЕММ со која доколку одреден медиум трипати во континуитет од 6 месеци го прекрши Кодексот на новинарите може да остане член додека се поправи, но не може да биде биран во органите и телата на Советот и го губи правото на глас. Тоа го изгласавме затоа што нам ни е битен секој член, а и за да се обидеме да ги вратиме стандардите и во тие медиуми.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mkinfo@semm.mk (02) 3222-595

Токму поради тоа, ја донесовме и Повелбата за етичко известување за време на избори, која апелиравме да ја потпишат сите медиуми пред изборите, а тоа се случи во ЕУ инфо центарот, кога дојдоа голем број од медиумите и потпишаа, иако не се дел од основачите, а и не се членки на Советот. Наш успех е што ги донесовме, нивен неуспех е ако не останаа доследни.

Но тоа е патот како се станува член на СЕММ. Мора да се почитува потписот, мора да се почитува Кодексот, кој заеднички ќе го надоградиме, вие како професионалци, граѓаните како коректор, а ние како извршители. Ред мора да има според правилата на професијата, а не според волјата на оваа или онаа власт или на 'бизнис' и 'рекет - уредниците'.

УО на СЕММ оваа година имаше редица средби со колеги во внатрешноста и со граѓаните, за да ги запознаеме со работењето на организацијата, начинот на поднесување претставка до Комисијата за жалби и со оваа мисија ќе продолжиме уште поинтензивно.

Годинава имавме вистиска хајка од тие кои го кршеа Кодексот и не информираа според новинарските стандарди. Донесовме одлука кои медиуми засега не влегуваат во членството на СЕММ, за кои медиуми уште еднаш ќе се разгледаат нивните барања за пристапување, како и тие кои не можат да бидат членови.

Медиумите кои ќе бидат новите членови на СЕММ и кои според Статутот право на глас ќе имаат од наредното собрание се следниве:

- Канал 3 Дебар
- О2 ТВ
- Охрид 24,
- ХДТВ Мега
- Охрид Денес
- Револуционер
- ТВ 24 вести
- Е-магазин
- ТВ Коха Тетово

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mkinfo@semm.mk (02) 3222-595

- Фактор.

Стратешки гледано, имаме намера да го шириме нашето членство, да укажуваме и да им дадеме шанса на сите кои го почитуваат Кодексот, а тоа многу лесно се гледа преку нивната работа. Наша цел е да ја прошириме работата и соработката преку заеднички проекти и размена на искуства со саморегулативните тела во регионот, како и со европските саморегулативни тела, а и да најдеме начин за посигурно финасирање на активностите и работата на Советот. Педиодов работиме и на новата стратегија на СЕММ и утврдување на следните чекори.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mkinfo@semm.mk (02) 3222-595

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mkinfo@semm.mk   (02) 3222-595